Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

*Одделение за стратешко планирање*
*Njësia e planifikimit strategjik*

# *ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ВО 2023 ГОДИНА*

**Јануари, 2023**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА

## ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа е креиран согласно Методологијата за стратешко планирање, Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година како и Упатсвото за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот и Годишниот план за работа, за период од една година, во кој се операционализирани мерките и активностите содржани во програмите и потпрограмите на Стретшкиот план 2023-2025 година.

Министерството за економија во 2023 година ќе ги реализира следниве вертикални и хоризонтални програми со мерки и активности кои се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за економија содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2023 година: обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните, унапрдеување на енергетска транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени, справување со последиците од светската пандемија предизвикана од Ковид-19 и други кризи, успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.

Во Годишниот план за работа на Министерството за економија креирани се следниве стратешки програми и потпрограми:

### I. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

- Поддршка и развој на мали и средни претпријатија
- Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициска политика
- Поддршка и развој на туризмот и угосттителтвото

### II. ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

- Развој на енергетиката
- Одржливо искористување на минерални суровини

## III. КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

- Заштита на потрошувачи и безбедност на производите
- Безбедност на возила

## IV. КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава,
- Јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план,
- Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на Договори за слободна трговија и договори за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги и идентификување и намалување на бариерите во трговијата во рамките на склучените договори,
- Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија,
- Имплементација на Повеке годишниот Акциски план за регионалната економка област- MAP REA.

# П Л А Н З А Р А Б О Т А

## А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа

| |
|---|
| ПРОГРАМА 1: ПРОГРАМАТА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**<br><br>**Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ** содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2023 година:обезбедување забрзан,одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните,справување со последиците од светската шамдемија предизвикана од КОВИД-19 и други кризи, односно приоретната цел: поддршка на домашните претпријатија, пред сѐ на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата; создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија,унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност. |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа**<br>Поволно деловно окружување:<br>Поддршка на домашните претпријатија, пред сѐ на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата,<br>Зголемување и подобрување на можноста за раст на мали и средни претпријатија(МСП),<br>Динамичен екосистем на претприемништво и иновации,<br>Конкурентни МСП како двигатели на инклузивниот економски раст,<br>Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија,<br>Зајакнат меѓуинституционален дијалог во функција на креирањето на политиките, мерките и активностите за индустриската политика,<br>Унапредување на капацитетот и конкурентноста на кластерите и нивните членки, нивно меѓународно поврзување, унапредување на знаењата базирани на високи технологии, истражување и развој, извозно ориентирани стратегии и модел базиран на индустријализација,<br>Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на индустријата на трајна основа, |

| |
|---|
| Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност,<br>Развој на туризмот и угосттителтвото во Република Северна Македонија,<br>Подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволна бизнис клима и зголемена валоризација на културните и природните богатства,<br>Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата,<br>Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги,<br>Унапредување на меѓународната туристичка соработка,<br>Поддршка на туристичките дестинации надвор од туристичка сезона,<br>Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството,<br>Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој. |
| **Цел на програмата:** Обезбедување на економски развој и раст на македонското стопанство, зголемување на вработеноста преку создавање поттикнувачка клима за отворање на нови и јакнење на постојните микро, мали и средни претпријатија, како и имплементација на интегрирана индустриска политика која води кон раст, развој и иновации, конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството. |
| **Показатели за успешност:** Бројот на поддржани на мали и средни претпријатија, бројот на изадедни сертификати за квалитет, бројот на поддржани субјекти од преработувачката индустрија, бројот на поддржани кластерски здруженија,зголемен број на домашни туристи. Бројот на поддржани претпријатија управувани од жени, на занаетчии, издадени сертификати за квалитет (Халал, ИСО) на фирми управувани од жени, бројот на поддржани апликаци поднесеи од жени и др. |

## ПОТПРОГРАМА 1: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Цел на потпрограмата:** Обезбедување на економски развој и раст на македонското стопанство, како и зголемување на вработеноста преку создавање поттикнувачка клима за отворање на нови и јакнење на постојните микро, мали и средни претпријатија и занаетчии како и развој и унапредување на институционалната инфраструктура за поддршка на бизнисот и ефектуирање на претприемачката култура преку активно промовирање на претприемништвото и конкурентноста.

| **Показател за успешност:** | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |
|---|---|---|
| -Број на поддржани МСП<br>-Број на поддржани занаетчии<br>-Број на поддржани институции за поддршка на МСП и на занаетчии (бизнис центри, бизнис инкубатори, занаетчиски комори, фондации и здруженија на граѓани, мрежи на бизнис ангели) | Поддршка на развојот на мали и средни претрпијатија | -220 субвенционирани претпријатија<br>-50 субвенционирани занаетчии<br>-20 кофинансирани фондации, здруженија на граѓани, занаетчиски комори и мрежи на бизнис ангели |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
| **Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија** | Субвенционирање на МСП преку кофинансирање на докажани трошоци направени за набавка на машини | Февруари/ Март | | | | 43.000.000 | Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП |
| **Субвенционирање на трошоци на занаетчии** | Субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање на | Февруари/ Март | | | | 5.000.000 | Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | докажани трошоци направени за набавка на машини и алати | | | | | | |
| **Финансиска поддршка за женско претприемништво за дигитализација на деловните процеси** | Субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени и управувани од жени преку кофинансирање на докажани трошоци, направени за следните намени:развој или набавка на дигитални решенија и технологии со цел дигитална трансформација на деловните процеси или производство; и имплементација, адаптација или интеграција на дигитални решенија и технологии | Февруари/ Март | | | | 2.000.000 | Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП |
| **Поддршка и развој на интернационализација на МСП 4.1.Сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди 4.2. Финансиска поддршка за сертифицирање на** | Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди или за сертификација на ХАЛАЛ систем | | Април/Мај | | | 5.000.000 | Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ХАЛАЛ систем | | | | | | | |
| **Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и кофинансирање на програмски активности на мрежите на бизнис ангели**<br><br>5.1. Кофинансирање на проекти на фондации и зружениja на граѓани кои се однесуваат на нефинансиска поддршка за развој на претприемништвото и конкрентноста на МСП<br>5.2. Кофинансирање на проекти на здруженија на граѓани, фондации и занаетчиски комори за развој и промоција на занаетчиството<br>5.3. Кофинансирање на проекти за програмски активности на мрежите на бизнис ангели | Поддршка на проекти од следните области: зелена економија, циркуларна економија, дигитализација на процесите, пристап до финансии и алтернативни форми на финансирање, промовирање на концептот на бизнис ангели како алтернативен инструмент за финансирање на малите и средни претпријатија, креирање на култура на социјално претприемништво и развој на занаетчиството | | Април/Мај | | | 7.000.000 | Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП |

<table>
<tr><td colspan="8">ПОТПРОГРАМА 2: РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ИНДУСТРИЈА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА</td></tr>
<tr><td colspan="8">Цел на потпрограмата: економски раст и развој на македонската економија, зголемување на конкурентноста на преработувачката индустрија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Показател за успешност:<br>Број на поддржани деловни субјекти и број на реализирани проекти</td><td colspan="2">Појдовна основа:<br>Програма за поддршка на конкурентноста на преарботувачка индустрија и општествена одворност за 2023 усвоена на Влада</td><td colspan="3">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:<br>Реализирани мерки и поддржани над 50 субјекти според програмата</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Мерки</td><td rowspan="2">Активности</td><td colspan="4">Временска рамка за спроведување</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Квартал 1</td><td>Квартал 2</td><td>Квартал 3</td><td>Квартал 4</td><td>Финансиски средства</td><td>Организациски облик/лице</td></tr>
<tr><td>1. Имплементација на Стратегија за индустриска политка 2018-2027, Акциски план 2022-2023 како и Стратегија за промоција на извоз и Стратегија за паметна</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>2.100.000</td><td></td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **специјализација (во подготовка)**<br>**1.1. Имплементација на програма за поддршка на конкурентноста на преработувачка индустрија и општествена одговорност 2023**<br><br>**1.1.1. Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачка индустрија** | 1.1.1 Изработка на стратегија за извоз и/или студии за истражување на пазарот и/или маркетинг стратегија и/или активности за развој на бренд за извозно ориентирани претпријатија;<br><br>1.1.2 Набавка, имплементација, сертификација и обука за хоризонтални стандарди; хармонизирани и други стандарди и стандардизациски документи од областа на преработувачката | Објава на јавен повик | Отворен повик | Отворен повик | Исплата | 12.000.000,00 денари | Министерство за економија |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | индустрија потребни за интернационализација и поголема конкурентност; (пример GlobalGap, BioSuisse, FairWild, IFS, BRC, итн.);<br><br>1.1.3 Кофинансирање на дел од трошоците за официјални такси за регистрација во меѓународни институции (WIPPO, EPO, EUIPO и други) за меѓународна заштита на правата на индустриска сопственост;<br><br>1.1.4 Кофинансирање на дел од трошоците за соработка меѓу компаниите и универзитетите за истражување, развој и иновации (користење на лабораториите при универзитетите за испитување и истражување, изработка на проектна документација за подобрување на технолошкиот процес и производ, стручна анализа и консултација, | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | специјализирана обука, подготовка и објава на заеднички анализи и трудови во меѓународни стручни списанија и сл.);<br><br>1.1.5. Кофинасирање на трошоци за дигитална трансформација на компаниите: оценка на дигиталната спремност и изработка на план за дигитална трансформација, развој/набавка на дигитални решенија за поддршка на бизнисот и производството, систем за компјутерска безбедност, дигитален маркетинг, развој на дигитална култура и стекнување напредни дигитални вештини преку кофинансирање на трошоци за обуки (групни и индивидуални) за подигање на дигиталните компетенции;<br><br>1.1.6. Експертска поддршка во развивање/имплементација на проект за | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | оптимизација на производството преку воведување нови бизнис модели со напредни производни и менаџерски концепти и методологии во насока на унапредување на продуктивноста и квалитетот и намалување на трошоците (пр. Lean менаџмент, КАИЗЕН, итн.);<br><br>1.1.7. Експертска анализа и изработка на техничка–проектна документација или студија за техничка изводливост за: планирани инвестициони проекти, подготовка на претпријатието за примена на мерки за енергетска ефикасност, воведување на циркуларна економија и зелена економија, за зелен и пониско јаглероден раст и развој, воведување на нови, модерни технологии за чисто производство, оценка на извозна и/или иновативна спремност; | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1.8. Изработка и ревизија на проектна документација за поставување на фотонапонски електроцентрали на кров за производство на електрична енергија;<br><br>1.1.9. Изработка на проектна документација и/или изградба на приклучок на преносната/дистрибутивна мрежа за природен гас. | | | | | | |
| **1.1.2. Надоместување на дел од трошоците за акредитирање на лаборатории, проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување или набавка на потребна опрема за лаборатории за пуштање на пазарот на квалитетни и** | | Објава на јавен повик | Отворен повик | Отворен повик | Илспата | 3.000.000,00 денари. | Министерство за економија |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **безбедни производи** | | | | | | | |
| **1.1.3. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки за преработувачка индустрија** | 2.1. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки за новите предизвици во развојот на следните сектори: автомобилска, текстилна, прехрамбена и електро машинска индустрија,<br><br>2.2. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки за извозно ориентирани претпријатија за подигање на извозната спремност,<br><br>2.3. Кофинансирање за организирање на обуки за воведување на концептот на зелена трансформација, “зазеленување – greening of manufacturing industries“ и воведување на концептот на циркуларна економија во преработувачката индустрија<br><br>2.4. Обуки за подигање на | Објава на јавен повик | Отворен повик | Отворен повик | Исплата | 2.900.000,00 денари | Министерство за економија |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | свеста за иновации, паметна специјализација, заштита на права на интелектуална сопственост, патенти и сл.<br><br>2.5. Обуки за подигање на свеста за дигитална трансформација, дигитална безбедност, дигитален маркетинг, дигитална писменост, за секторите идентификувани во стратегијата за паметна специјализација | | | | | | |
| **1.1.4. Тематски Предизвик - поттикнување на иновативни и колаборативни пилот проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен хеликс.** | | Објава на јавен повик | Отворен повик | Отворен повик | Исплата | 13.000.000 денари | Министерство за економија |
| **2. Реализација на мерки и препораки од Акциски план на Среднорочната** | | | | | | 300,000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **стратегија за ОО на РСМ 2019-2023 година.** | | | | | | | |
| **3. Поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти и Развивање на капацитети за општествена одговорност преку мерки од Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност 2023** | | Објава на јавен повик | Отворен повик | Отворен повик | Исплата | 1.000.000 денари | Министерство за економија |

| | | |
|---|---|---|
| **ПОТПРОГРАМА 3: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО** | | |
| **Цел на потпрограмата:** Развој на туризмот како индустриска гранка во Република Северна Македонија | | |
| **Показател за успешност:** Зголемување на бројот на туристи | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |

| | | |
|---|---|---|
| Зголемувавање на стапката на вработеност во оваа стопанска гранка<br>Зголемување на Девизниот прилив од туризмот | Програма за развој на туризмот во Република Северна Македонија. | Надминување на ефектите на социјалната исклучивост на лица со ниски примања и стимулирање на развојот на туризмот во Република Северна Македонија вон туристичката сезона,<br>Зголемен број на домашни туристи и надминување на бројот од 1 милион туристи во текот на една година,<br>Зголемувавање на стапката на вработеност<br>Поддршка на туристичките дестинации (угостителите)надвор од туристичка сезона<br>Зголемување на учеството во БДП |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
| **1.Меѓународна и билатерална соработка во туризмот.** | Соработка во доменот на меѓународната комуникација со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на туризмот | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 3.500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **2. Подготовка на национална стратегија и акциски план за развој на туризмот на Република** | Изработи нова стратегија за туризам за наредниот период со временска рамка од 5 години. | ✓ | ✓ | ✓ | | 5.500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Северна Македонија за 2023-2028 година.** | | | | | | | |
| **3. Поддршка на Активен туризам** | Субвенционирање трошоци за опрема и алатки кои ќе помогнат во подобрување на овој вид на туризам. | ✓ | ✓ | ✓ | | 1.000.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **4. Субвенции за туристички цели на селски домаќинства** | Финансиската поддршка во износ од 60% од докажаните трошоци, поддршка на селските домаќинства обезбедуваме самовработување за лица во рурални средини и зголемување на автентична туристичка понуда | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 1.500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **5. Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот** | Јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите правни субјекти во сопственост (над 50%) и управувани од жени кои се регистрирани соодветно на наведената дејност. | ✓ | ✓ | ✓ | | 2.000.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **6. Поддршка на зимскиот туризам преку организирање на регионална конференција** | Организирање на регионални конференции | ✓ | | | | 500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.Одбележување на Светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од областа на туризмот** | Признанија за најуспешните во категоријата: хотели, туристички агенции, ресторани, уредени плажи и манифестации | | | ✓ | | 500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **8. Субвенции за разни туристички манифестации и форуми од областа на туризмот** | Јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите правни субјекти, здруженија кои се регистрирани соодветно на наведената дејност. | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 2.000.000 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **9.Изготвување на студија за развој на човечките ресурси замена на кадар согласно понудата и побарувачката во туризмот и угостителството** | Истражување на состојбите со човечките ресурси во земјата од областа на туризмот и угостителството и да даде предлози за иден развој на професионалните кадри согласно потребите на стопанството | | ✓ | ✓ | | 1.000.000 денари | Сектор за туризам и угостителство |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **во Република Северна Македонија** | | | | | | | |
| **10.Проектирање на три идејни решенија за објекти од Студијата за неискористени објекти во Република Северна Македонија** | Проектно решение за три позначајни објекти кои имаат потенцијал за адаптација во туристички центри. | ✓ | ✓ | | | 1.500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **11. Субвенции за дигитализација на туристичко/угостителскиот сектор** | Субвенционирање разни софтверски решенија наменети за туристичко/угостителскиот сектор | ✓ | ✓ | | | 3.000.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **12.Организирање на регионална конференција за ‘Балканот како туристичка дестинација’** | Подобрување на туристичката клима во регионот, со организирањето на ваквите конференции ќе се овозможи заеднички пристап во подобрувањето на туристичката понуда во регионот | | ✓ | | | 500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **13. Субвенции за агро-туризмот и** | Финансиска поддршка на домаќинства во градовите и | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 1.500.000,00 | Сектор за туризам и |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **био-градинарски активности – како дел на урбан и рурален туризам** | селата кои би давале угостителски услуги кои се дел од традицијата и истите би имале градинарски дел со можност за активно вклучување на туристите во процесот на берба, подготовка на храна или др.активности во зависност од сезоната | | | | | денари | угостителство |
| **14.Изготвување на водич за рурален и еко туризам** | Јавна набавка за истражување, анализа, и изработка на водич за потенцијалите за развој на рурален туризам во Република Северна Македонија | ✓ | ✓ | | | 500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **15. Надградба на онлајн платформата за објавување, следење и евалуација на јавни повици** | Електронска објавување, следење и евалуација на јавни повици и транспарентно, ефикасно и ефективно спроведување на истите од страна на Министерството за економија | ✓ | ✓ | | | 500.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |
| **16.Обезбедување на податоци од областа на туризмот и подготовка на модел за проекција на идни показатели** | Статистички систем на правилно следење на податоците од туризмот кои се од голема важност за туристичкиот сектор заради добивање на јасна слика и информации за потребите, можностите | ✓ | ✓ | ✓ | | 2.000.000,00 денари | Сектор за туризам и угостителство |

| ПРОГРАМА 2: ПРОГРАМАТА ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ БОГАТСТВА |
|---|
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:** Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2023 година: обезбедување забрзан,одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните,справување со последиците од светската пандемија предизвикана од КОВИД-19 и други кризи, унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени, односно приоретната цел: обезбедување енергетска сигурност и стабилност; зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија, раст на инвестициите во енергетскиот сектор, интегрирање на пазарите на електрилна енергија со земјите од регионот и земјите членки на Еврипската Унија, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети. |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа**<br>Планирање и одржливо искористување на природните богатства<br>Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина;<br>Обезбедување енергетска сигурност и стабилност;<br>Раст на инвестициите во енергетскиот сектор;<br>Зголемување на користењето на природниот гас и искористување на сончевата енергија во домаќинствата;<br>Истражување, екплоатација и одржливо искористување на минералните суровини,<br>Интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на Европскта Унија;<br>Планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети,<br>Унапредување на правната рамка од областа на минералните суровини. |
| **Цел на програмата:** Создавање на услови за стабилно и одржливо обезбедување со енергија, либерализација на енергетскиот пазар, раст на инвестициите во енергетскиот сектор, подобрување на енергетската ефикасност и поголемо вклучување на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка како и потикнување на геолошките и проспекциските истражувања на одредени простори за утврдување на минералните и неминерални природни ресурси и нивно искористување. |
| **Показатели за успешност:**<br>Вкупен инсталиран капацитет од 200 MW за производство на електрична енергија со изградба на електроцентрали до 2021 |

| |
|---|
| година кои ќе користат премиум,<br>Сопственичко раздвојување и сертфикација на операторот на систем за пренос на природен гас<br>Отпочнување со изградба на диструбитивна мрежа за природен гас,<br>Реновирање на 1 % од вкупната корисна површина која ја користат државните згради на годишно ниво<br>Основан Фонд за енергетска ефикасност,<br>Бројот на поддржани апликации за ранливи категори.<br>Бројот на објавени јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања, проспекциски геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини. |

| ПОТПРОГРАМА 1: РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТИКАТА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Обезбедување енергетска сигурност и стабилност, зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина, либерализација на пазарот на електрична енергија и раст на инвестициите во енергетскиот сектор, интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на Европската Унија | | | | | | | |
| **Показател за успешност:** | | | **Појдовна основа:** | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Финансиски средства** | **Организациск и облик/лице** |
| **Изготвување на Нацрт нов Закон за енергетика** | Подготвителни активности за Усогласување со Пакетот на ЕУ за чиста енергија | | | x | | Техничка помош од USAID | Сектор за енергетика |
| **Анализа на примената на** | ќе биде | | x | | | Техничка помош | Сектор за |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Законот за стратешки инвестиции** | спроведена анализа на примената на овој закон и врз основа на наодите од анализата ќе следат соодветни активности | | | | | од USAID | енергетика |
| **Програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2023 година- Субвенции на државата за доделување на финансиска поддршка за лица со ниски примања за намалување на фактурите за потрошена електрична енергија** | Објавен Јавен оглас Формирањето на Комисии за спроведување на мерката е во тек<br><br>Објавен јавен оглас<br><br>Работа на комисии<br><br>Изготвување на решенија | **x** | **x** | **x** | **x** | 60.000.000 | Сектор за енергетика |
| **Субвенции на државата за купување на термални соларни колекторски системи во домаќинствата** | Објавување на јавен оглас<br><br>Работа на комисии<br><br>Изготвување на решенија за надоместување на дел од трошоците за | | **x** | **x** | **x** | 15.000.000 | Сектор за енергетика |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | купени и вградени колоекторски системи | | | | | | |
| **Субвенции на државата за купување на ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата** | Објавување на јавен оглас<br><br>Работа на комисии<br><br>Изготвување на решенија за надоместување на дел од трошоците за купување на ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата | | **x** | | **x** | 25.000.000 | Сектор за енергетика |
| **Субвенции на државата за инсталирање на фотонапонски системи за производство на електрична енергија кај домаќинствата** | Објавување на јавен оглас<br><br>Работа на комисии<br><br>Изготвување на решенија за надоместување на дел од трошоците за инсталирање на фотонапонски | | **x** | | **x** | 30.000.000 | Сектор за енергетика |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | системи за производство на електрична енергија кај домаќинствата | | | | | | |
| **Програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2023 година** | Тековна исплата на премии за изградените фотонапонски електроцентрали | **x** | **x** | **x** | **x** | 60.000.000 | Сектор за енергетика |
| **Субвенции на државата за надоместување на дел од трошоците за изработка на проектна документација за приклучок на дистрибутивната гасоводна мрежа и/или изведба на приклучок на дистрибутивната гасоводна мрежа на домаќинствата за 2023 година** | Со оваа програма се уредува вкупната инсталирана моќност на електроцентрали те по вид на технологии за кои ќе се доделува премија по спроведена тендерска постапка и склучени договори за користење на премија во 2023 година и износот на средствата потребни за | **x** | **x** | **x** | | 10.000.000 | Сектор за енергетика |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | исплата на премиите за произведената и продадена електрична енергија во 2023 година. | | | | | | |
| **Донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за енергетска ефикасност** | Правилник за енергетска контрола кај големи трговци<br><br>Правилник за енергетска контрола на згради<br><br>Правилник за енергетски карактеристики на згради<br><br>Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите кои користат енергија<br><br>Правилник за МВП<br><br>Создавање на | | **x** | **x** | **x** | | Сектор за енергетика |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | правна рамка за однование на Фонд за енергетска ефикасност | | | | | | |

| ПОТПРОГРАМА 2: ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Доделување на концесии за детални геолошки истражувања, проспекциски геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, одржување на системите е-концесии и ГИС – системот. | | | | | | | |
| **Показател за успешност:** Број на објавени јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања, проспекциски геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини. | | | **Појдовна основа:** Донесување на Одлуки за започнување на постапки за доделување на концесии на минерални суровини. | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Број на доделени концесии за детални геолошки истражувања, проспекциски геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и нивна реализација. | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
| **Донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за минерални** | Донесување на Правилници од областа на геологијата и рударството | ✓ | ✓ | | | Не | Сектор за минерални суровини |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **суровини** | | | | | | | |
| **Спроведување на јавни набавки** | Спроведување на јавна набавка за одржување на системот е-концесии за несметано функционирање за доделување на концесии со електронска аукција; | ✓ | | | | 120.000,00 | Сектор за минерални суровини |
| | Спроведување на јавна набавка за одржувања на ГИС софтверските пакети за непречена работа со базите на податоци од концесионерите, увид во просторите за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и контрола и увид во наплата на | ✓ | | | | 180.000,00 | Сектор за минерални суровини |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | надоместокот од страна на концесионерите | | | | | | |
| | Спроведување на јавна набавка за избор на консултанти односно стручни лица од областа на геологијата и рударството за изработка на техничките нормативи кои произлегуваат од законската регулатива. Техничките нормативи се предвидени да се донесат како подзаконски акт кој произлегува од Законот за минерални суровини | ✓ | | | | 5.000.000,00 | Сектор за минерални суровини |
| | Спроведување на јавна набавка – надградба на системот е-концесии | ✓ | | | | 1.200.000,00 | Сектор за минерални суровини |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Објавување на јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања, проспекции и експлоатација** | Спроведување на постапки за доделување на концесии за минерални суровини | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 1.000.000,00 | Сектор за минерални суровини |
| **Изработка на Стратегија** | Следење на изработка на Стратегијата за минералните суровини во Република Северна Македонија за период од 20 години | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 7.000.000,00 | Сектор за минерални суровини / МАНУ |
| **Доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини** | Спроведување на постапки по барања за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Не | Сектор за минерални суровини |
| **Следење на доделените** | Континуирано следење на обврските кои | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Не | Сектор за минерални |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **концесии за детални геолошки и експлоатација на минерални суровини** | произлегуваат од Договорите и Законот за минерални суровини | | | | | | суровини |
| **Издавање на Дозволи за детални геолошки истражувања на минерални суровини по поднесени барања за издавање на дозволи за детални геолошки истражувања на минерални суровини** | Спроведена постапка по барањето за издавање на дозвола за детални геолошки истражувања на минерални суровини | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Не | Сектор за минерални суровини/ Одделение за геологија |
| **Издавање на Дозволи за експлоатација на минерални суровини по поднесени** | Спроведена постапка по барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерални | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Не | Сектор за минерални суровини/ Одделение за експлоатација |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **барања за издавање на дозволи за експлоатација на минерални суровини** | суровини | | | | | | |
| **Издавање на Овластувања за изработка на геолошка документација и рударски проекти по поднесени барања за издавање на овластувања** | Спроведена постапка по барањето за издавање на Овластување за изработка на геолошка документација и рударски проекти | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Не | Сектор за минерални суровини/ Одделение за геологија и геолошки истражувања и Одделение за експлоатација |
| **Издавање на Лиценци за изработка на геолошка документација по поднесени барања за полагање на стручен испит за добивање на лиценца** | Спроведена постапка по барањето за полагање на стручен испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 500.000,00 за исплата на Комисии за спроведување на стручниот испит | Сектор за минерални суровини/ Одделение за геологија |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Издавање на Лиценци за изработка на рударски проекти по поднесени барања за полагање на стручен испит за добивање на лиценца** | Спроведена постапка по барањето за полагање на стручен испит за добивање на лиценца за изработка на рударски проекти | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 500.000,00 за исплата на Комисии за спроведување на стручниот испит | Сектор за минерални суровини/ Одделение за експлоатација |
| **Формирање на Комисии за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти по поднесени барања за вршење на стручна оцена (ревизија)** | Спроведена постапка по барањето за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 500.000,00 за исплата на надворешни членови и секретари во Комисиите за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти | Сектор за минерални суровини/ Одделение за експлоатација |
| **Формирање на Комисии за вршење на технички преглед на** | Спроведена постапка по барањето за вршење на технички преглед на рударски | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 500.000,00 за исплата на надворешни членови и секретари во Комисиите за | Сектор за минерални суровини/ Одделение за експлоатација |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **рударски објект по поднесени барања за вршење на технички преглед на рударски објект** | објект | | | | | вршење на технички преглед на рударски објект | |

| ПРОГРАМА 3: : ПРОГРАМАТА3: КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР |
|---|
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:** Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2023 година: обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните и успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија, приоритетна цел: Унапредување на заштитата на потрошувачите и Ефикасно спроведување на правото во областа на заштита на потрошувачите:<br>**НПАА :**<br>Поглавје 01: „Слободно движење на стоки“<br>Поглавје 28:„Заштита на потрошувачите и јавно здравство“ |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа**<br>Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хармонизација на Законот за заштита на потрошувачите;<br>Ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите;<br>Постигнување на поголема едуцираност на потрошувачите за остварување на нивните права, запознавање на трговците со правата и обврските и начинот на заштита на економските интереси – односно развивање на конкуретноста на економските оператори.<br>Зголемување на довербата на потрошувачите према трговците на стоки и услуги;<br>Правна заштита на потрошувачите при склучување на договори за потрошувачки кредити како потрошувач<br>Усогласување на националното техничко законодавство од областа на возилата со техничкото законодавство за возилата на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, согласно ЕУ регулативата;заност со приоритетот и приоритетната цел на органот на |

| |
|---|
| државната управа. |
| **Цел на програмата:** Исполнување на преземените обврски на Република Северна Македонија од областа на слободното движење на стоки и заштита на потрошувачите содржани во Поглавјето VI и VIII од Спогодбата за стабилизација и асоцијација кои се однесуваат на спроведување на техничките регулативи на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, со цел воспоставување на систем за општа безбедност на техничките производи и возилата, како и заштитата на потрошувачите. |
| **Показатели за успешност:**<br>Обезбедување на повисоко ниво на заштита на потрошувачите, преку ефикасна примена и имплементација на следните закони: Законот за заштита на потрошувачите, Закон за општа безбедност на производите , Законот за технички барања за производи и оцена на сообразност, усогласени со новите директиви на Европската Унија како и Стратегијата за заштита на потрошувачите за 2022-2025 година.<br>Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукација и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите;<br>Натамошна хармонизација на законодавството за заштита на потрошувачите и олеснување на пристапот до алтернативно решавање на спорови иКоординација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.<br>Спроведување на Законот за моторни возила и подзаконските акти донесени врз основа на законот и континуирано унапредување односно изменување и дополнување на истите согласно измените на ЕУ директивите за возила. |

| |
|---|
| **ПОТПРОГРАМА 1: ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ И БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ** |
| **Цел на потпрограмата:** Подобрување на законодавството за заштитата на потрошувачите;<br>Подобрување на информираноста и едукацијата на потрошувачите, како и подигање на свеста за нивните права;<br>Остварување на правата на потрошувачите со подобрување на пристапот до алтернативно решавање на спорови ;<br>Зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор во делот на заштитата на потрошувачите;<br>Обезбедување на општа безбедност на производите пред да бидат пуштени на пазарот, ставени во употреба или се употребуваат;<br>Спроведување на Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за период од 2023-2024 години, која ја донесува Владата на Република Северна Македонија.<br>Заштита на животот и здравјето на луѓето, заштита на животната средина и јавниот интерес..<br>Овластување на акредитирани инспекциски тела за вршење на оцена на сообразност на производите. |

Овластување на акредитирани инспекциски тела за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема.

| Показател за успешност: | Појдовна основа: | Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: |
|---|---|---|
